# ЗАКОН ЗА ЕМИСИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИ И СУДСКИ ТАКСЕНИ МАРКИ

(Пречистен текст)

*-Основниот текст е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.65/92 од 29.10.1992* година

*-Измените се објавени во"Службен весник на Република Македонија" бр.49/93* од *09.02.1993* и бр. *50/01* од *02.07.2001* година

Член 1

Со овој закон се уредува единствената емисија, дистрибуција, повлекување од употреба и замената на административните и судските таксени марки на територијата на Република Македонија.

Член 2

Административните таксени марки се издаваат во апоени од 2, 5, 10 и 50 денари.

Судските таксени марки се издаваат во апоени од 1, 5, 10, 50 денари.

Член 3

Административните и судските таксени марки се изработуваат во специјална бела бездрвна хартија, со невидлива заштита, во линиски печат.

Димензиите на административните и судските таксени марки, заедно со белиот раб изнесуваат 24 мм х 38 мм.

Отпечатокот на марките од став 2 на овој член има димензии 19 мм х 33 мм.

Член 4

Административните таксени марки го имаат следниов изглед:

1) во средниот дел на отпечатокот на марката се наоѓа грбот на Република Македонија урамен со стилизирана розета, под грбот има ознака на вредноста на марката, а лево и десно од ознаката на вредноста - кратенка на вредност: "Ден".;

2) во горниот дел на отпечатокот на марката е отпечатен текстот: "Република Македонија".

Во долниот дел на отпечатокот на марката е отпечатен текстот: "административна таксена марка".

3) административните таксени марки се печатат во следниве апоени и бои, и тоа :

- марка од 2 денари во костенлива боја;
- марка од 5 денари во сино - виолетова боја;
- марка од 10 денари во сива боја;
- марка од 50 денари во црвено - виолетова боја.

Член 5

Судските таксени марки го имаат следниов изглед:

1) во средниот дел на отпечатокот на марката се наоѓа грбот на Република Македонија, лево и десно од грбот - тонски полиња (лево во поситен а десно во покрупен растер), под грбот ознака на вредноста на марката, а лево и десно од ознаката на вредноста - кратенка на вредност: "Ден".

2) во горниот дел на отпечатокот на марката е отпечатен текст: "Република Македонија".
Во долниот дел на отпечатокот на марката е отпечатен текст: "судска таксена марка".
3) судските таксени марки се печатат во следните апоени и бои и тоа:
- марка од 1 денар во виолетова боја;
- марка од 5 денари во сина боја;
- марка од 10 денари во портокалова боја;
- марка од 50 денари во костенлива боја.

**Член 6**

Текстот на административните и судските таксени марки се пишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**Член 7**

Народната банка на Република Македонија го организира печатењето, пуштањето во оптек и дистрибуцијата на административните и судските таксени марки.

**Член 8**

Износот и динамиката за издавање на административни и судски таксени марки се утврдува со Договор меѓу Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија.

**Член 9**

Средствата за намирување на трошоците во врска со издавањето на административните и судските таксени марки се обезбедуваат во Републичкиот буџет.

**Член 10**

Лицата кои од која и да е причина не ќе ги употребат административните и судските таксени марки кои се во оптек, можат да ги заменат за готови пари.
Оштетените административни и судски таксени марки може да се заменат за нови.
При замената на административните и судските таксени марки од став 1 на овој член се исплатува вредноста на административните и судските таксени марки во готови пари по одбивањето на провизијата што му припаѓа на продавачот на мало.

**Член 11**

Продажбата, замената и повлекувањето на административните и судските таксени марки ги врши Министерството за финансии кое за тоа ќе склучи договор со Народната банка на Република Македонија.
Министерството за финансии административните и судските таксени марки ги продава само на претпријатијата и други правни лица регистрирани за продажба на таксени марки.
Малопродажбата на административните и судските таксени марки мора да

биде организирана на начин со кој на таксените обврзници им се обезбедува лесно снабдување со таксени марки.
Провизијата од малопродажбата на административните и судските таксени марки изнесува 10% од номиналната вредност на купените таксени марки.

**Член 12**

До печатењето и пуштањето во оптек на административни и судски таксени марки согласно со овој закон ќе се користат административните и судските таксени марки издадени од единствената емисија на Народната банка на Југославија.

**Член 13**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".